РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 05-2007/2
15.10 2020 год.
КОЧАНИ

# Д о г о в о р

Друштво за техничко испитување анализа и квалитет ЕВРОМАК-КОНТРОЛ ДОО
Бр. 03-396
15.10 2020 год.
СКОПЈЕ

**Склучен помеѓу:**

1. **Општина Кочани**, со седиште на ул.„Раде Кратовче“ бр.1 Кочани, застапувана од Градоначалникот на Општина Кочани, Николчо Илијев, во својство на одговорно лице на Договорниот орган (во натамошниот текст : **Корисник на услугата ) и**

2. **ДРУШТВО ЗА ТЕХНИЧКО ИСПИТУВАЊЕ, АНАЛИЗА И КВАЛИТЕТ ЕУРОМАК-КОНТРОЛ ДОО СКОПЈЕ**, со седиште на ул.„Стогово“ бр.13А Скопје, ДБ: 4030999365044 и ЕМБС: 5314658, жиро с-ка 300000000593385- Комерцијална Банка АД Скопје, застапувано од одговорното лице Сузана Темелкоска (во натамошниот текст: **Вршител на услугата).**

***Предмет на договорот***

**Член 1**

Предмет на Договорот за јавна набавка на услуга е:

**Контрола, анализа, следење и информирање за квалитетот на животната средина на територијата на општина Кочани**

Предметот на набавката од ст.1 на овој член е детално опишан во техничката спецификација, составен дел на тендерската документација изработена од Корисникот на услугата, за спроведување на Набавка од мала вредност, со објавување на оглас бр.13783/2020 од 24.09.2020 год., објавен на ЕСЈН, а согласно одлука за јавна набавка од 24.09.2020 г..

***Вредност на договорот***

**Член 2**

**Вкупната вредност на договорот за јавна набавка изнесува**: **457.000,00 ден. без вклучен ДДВ, односно 539.260,00 ден со ДДВ.**

Бројот на мерења и анализи од техничката спецификација се максимални и Корисникот на услугата нема обврска да ги нарача сите за времетраење на важењето на договорот.

Единечните цени за вршење на конкретните услуги се преземени и утврдени од првична/конечна понуда поднесена преку ЕСЈН и истата е составен дел на овој договор.

Корекција на цените на услугите за предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на договорот, освен ако корекцијата оди во надолна линија.

***Извор на средствата за реализација на договорот***

**Член 3**

Средствата за реализација на конкретниот договор за јавната набавка се обезбедени во Буџетот на Општина Кочани за 2020 година, Програма Р10 ставка 425.

***Начин и рок на плаќање***

**Член 4**

Вредноста на секоја стварно извршена услуга ќе се утврдува со доставена фактура и Извештај/потврда за извршена услуга, согласно техничката спецификација, а по понудените цени, составен дел на овој договор.

Плаќањето ќе се врши во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на фактурата со извештај/потврда за извршена услуга во архивата на Корисникот на услугата.

ДДВ при изготвувањето на фактурата ќе биде изразен посебно.

Доколку фактурата не ја содржи предвидената придружна документација, истата нема да се реализира и ќе биде вратена на Вршителот на услугата.

***Начин и рок извршување на услугите***

**Член 5**

Договорот за јавната набавка ќе се склучи за период од една година, односно набавката ќе биде сукцесивна, во тек на 12 /дванаесет/ месеци, сметано од денот на потпишувањето на договорот за јавна набавка, а ќе се врши во зависност од потребите и определената динамика од страна на Корисникот на услугата, по претходно доставено писмено барање од задолжено/овластено лице кај Корисникот на услугата.

Вршителот на услугата е должен да ја изврши услугата во рок утврден во издаденото писмено барање од страна на Корисникот на услугата.

***Контрола/надзор над реализација на услугите предмет на јавната набавка***

**Член 6**

Заради следење на реализацијата на услугите на предметот на набавка Корисникот на услугата ќе определи лице/а вработено/и во општинската администрација за контрола и надзор на активностите кои треба да ги спроведе Вршителот на услугата.

***Договорна казна***

**Член 7**

Договорните страни се согласни дека во случај кога Вршителот на услугата нема да ја изврши услугата во утврдениот рок, па поради тоа падне во задоцнување, истиот е должен да му плати на Корисникот на услугата договорна казна од 0,5% од вкупната цена на договорот за секој ден задоцнување.

Договорната казна не смее да надмине 5% од вкупната вредност на договорот.

***Права и обврски на договорните страни***

**Член 8**

Вршителот на услугата е должен услугите од чл.1 на овој Договор да ги извршува согласно техничката спецификација, по поднесено барање од страна на Корисникот на услугата, а согласно прописите и правилата на струката за вршење на ваков вид на услуга.

Ако Вршителот на услугата не ги извршува услугите според договорениот начин или неквалитетно ги извршува услугите, Договорниот орган има право да го раскине договорот и да бара право на надомест на штета.

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

**Член 9**

Корисникот на услугата се обврзува да постапува согласно начинот и рокот за плаќање, утврдени во чл. 4 на овој Договор.

***Времетраење на важност на договорот***

**Член 10**

Овој Договор се склучува за времетраење од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на потпишувањето или до потрошување на вредноста на договорот.

*Завршни одредби*

**Член 11**

Договорните страни се обврзани, за реализација на овој Договор, да соработуваат меѓу себе, да се грижат за унапредување на односите и за таа цел редовно и благовремено да се информираат за се што е потребно за реализација на Договорот.

**Член 12**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма ,ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РСМ.

**Член 13**

Договорните страни се согласни за сè што не е предвидено со овој договор да се применуваат одредбите од позитивните законски прописи и стандарди во Република Македонија, за вршење на ваков вид на набавка.

**Член 14**

Договорните страни се должни да ги применуваат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за времетраење на важноста овој Договор.

**Член 15**

Во случај на спор по овој Договор, договорните страни ќе се обидат да го решат спогодбено, во спротивно ќе решава стварно и месно надлежен суд.

**Член 16**

Овој Договор е составен во 6 /шест/ еднакви примероци, од кои 2 /два/ примерока за Вршителот на услугата, а 4 /четири/ примерока за Корисникот на услугата и стапува на сила со денот на неговото потпишување.

| | |
|---|---|
| ***за Вршителот на услугата,*** | ***за Корисникот на услугата,*** |
| ***Одговорно лице,*** | ***Градоначалник,*** |
| ***( Сузана Темелкоска )*** | ***( Николчо Илијев )*** |

Составен дел на овој Договор е :

- Понуда поднесена преку ЕСЈН

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*

*Контролирал: Помошник Раководител на Сектор за урбанизам, животна средина и комунални работи– Марија С.Јовановска*

**ЛИСТА НА ЦЕНИ ЗА Анализа на квалитет во животната средина**

| Ред. бр. | Опис | Единица мера | Количина | Единечна цена без ддв | Вкупна цена без ддв |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **БУЧАВА во животната средина** | | | | |
| 1.1 | Мерење и анализа на ниво на бучава во животната средина предизвикана од производни и услужни дејности | мерно место | **7** | 4.000,00 | 28.000,00 |
| 1.2 | Мерење и анализа на ниво на бучава во животнта средина од станбени или деловни објекти | мерно место | **3** | 6.000,00 | 18.000,00 |
| **2.** | **ОТПАДНИ ВОДИ** | | | | |
| 2.1 | Ефлуент од постројки за преработка на млеко и млечни производи (општи показатели, биолошки показатели, органски показатели, анорганскиі показатели) | земање и анализа по примерок | **1** | 5.000,00 | 5.000,00 |
| 2.2 | Ефлуент од постројки за производство, преработка и конзервирање на месо и месни производи (општи показатели, биолошки показатели, органски показатели, аноргански показатели) | земање и анализа по примерок | **1** | 5.000,00 | 5.000,00 |
| 2.3 | Ефлуент од постројки за преработка и конзервирање на земјоделски производи (општи показатели, биолошки показатели, органски показатели, аноргански показатели) | земање и анализа по примерок | **2** | 10.000,00 | 20.000,00 |
| 2.4 | Ефлуент од постројки за површинска обработка на метали(општи показатели, биолошки показатели, органски показатели, аноргански показатели | земање и анализа по примерок | **1** | 10.000,00 | 10.000,00 |
| 2.5 | Ефлуент од постројки за производство и преработка на текстил (општи показатели, биолошки показатели, органски показатели, аноргански показатели) | земање и анализа по примерок | **1** | 5.000,00 | 5.000,00 |
| 2.6 | Ефлуент од постројки од областа на печатарската/графичката дејност(општи показатели, биолошки показатели, органски показатели, аноргански показатели | земање и анализа по примерок | **3** | 10.000,00 | 30.000,00 |
| **3.** | **ЕМИСИИ ОД ИСПУСТИ** | | | | |
| 3.1 | Основни физички параметри и загадувачки супстанции од ложишта **СО ТОПЛИНСКА МОЌ НА ЛОЖИШТЕТО над 1 MW** (прашина, CO, NOx, $CO_2$,чадни единици) | мерно место | **3** | 27.000,00 | 81.000,00 |
| 3.2 | Основни физички параметри и | мерно место | | 25.000,00 | 150.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | загадувачки супстанции од ложишта **СО ТОПЛИНСКА МОЌ НА ЛОЖИШТЕТО до 1 MW** (прашина, CO, NOx, $CO_2$,чадни единици) | | **6** | | |
| **4.** | **ИМИСИИ НА ПРАШИНА ВО АМБИЕНТЕН ВОЗДУХ** | | | | |
| 4.1 | Суспендирани честички со големина до десет микрометри **- ПМ10** | мерно место | **7** | 15.000,00 | 105.000,00 |
| | | | | **ВКУПНА ЦЕНА БЕЗ ДДВ:** | 457.000,00 |

***за Вршителот на услугата,***
***Одговорно лице,***

***( Сузана Темелкоска )***

***за Корисникот на услугата,***
***Градоначалник,***

***( Николчо Илијев )***

**Листата на цени е преземена од првична/конечна понуда поднесена преку ЕСЈН**

***Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова***
***Контвролирал: Помошник Раководител на Сектор за урбанизам, животна средина и комунални работи– Марија С.Јовановска***